Врз основа на член 36 точка 1 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), а во врска со член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл.Весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/2018 и „Сл Весник на РСМ" бр.215/21), Советот на Општина Чучер-Сандево на 19-та седница одржана на ден 28.12.2022 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# за заштита и спасување за 2023 година

## 1.ВОВЕД

Заштита и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира и справување на едукативни активности и преземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикува големи материјални штети.

За организирање на заштита и спасувањето, особено внимание се посветува на:

-навреме идентификација и процена на веројатноста и интензитет на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра

-нагласеност на превентивната функција и преземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните,

-рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.

## 2.ЦЕЛИ

Целта на оваа програма е преку обуки да се создадат човечки ресурси кои би делувале во случај на непогода.

Целта ќе се постигне преку обезбедување на предуслови за беспрекорно делување на силите со континуирано оспособување за заштита и спасување во образовните институции.

Воедно, согласно Законот за заштита и спасување и системот на образование во годишните програми за работа на училиштата задолжително предвидува теоретски и практични содржини за заштита и спасување.

## 3.АКТИВНОСТИ

Од урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување, за 2023 година, предвидени се следниве активности:

**-Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

**-евакуација и згрижување.**

Општина Чучер-Сандево преку оваа Програма за 2023 година ќе продолжи со допринесување за непречено справување со пожар на отворено и подготвеноста на силите на училиштата и учениците да биде на повисоко ниво.

Активност 1

Делување на сили за гаснење на пожари (по потреба)
Потребни средства ............................................................................... 5.000,00 денари

Силите кои се обучени и лицето за заштита и спасување, во случај на потреба ќе бидат ангажирани, првично до пристигнување на противпожарните екипи на Град Скопје како и се до престанување на опасноста.

Активност 2

Тренинг на силата во основните училиште со вклучување на учениците на вежба со поставено сценарио
Потребни средства ...............................................................................10.000,00 денари

Активност 3

Доопремување на Општината со техничка опрема за гаснење на пожар (маски, метли, напредњачи, ПП апарати и сл.) како и одржување на ПП апарати на Општината во исправна состојба (сервисирање)
Потребни средства ...............................................................................15.000,00денари

Тековно во 2023 година, се спроведуваат дополнителни информативни и промотивни активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари, во соработка со ДЗС, ЦУК, ТППЕ и слични субјекти кои работат на оваа проблематика.

**4.БУЏЕТ**

Финансирањето на активностите од областа за заштита и спасување (30.000,00 денари) ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година.

**Број 08-1464/15**
**28.12.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Белинска**
**--------------------**